**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-518/7**

**Скопје, 20.10.2006 година**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издадле било каков извештај, за финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието за годините кои и претходат.на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Ќамил Џеладини , Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 26.06.2006 до 15.09.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 17.10.2006 година со писмо број 1104-518/5 доставени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и констатирано е дека не ги оспоруваат наодите на ревизијата, туку претставуваат образложенија за утврдените состојби и планирани активности за прифаќање на препораките дадени од страна на ревизијата заради што наодите остануваат непроменети во Конечниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не е извршено попис на паричните средствата на Бирото за развој на образованието со состојба 31.12.2005 заради што ревизијата не е убедена во усогласеноста на состојбата на паричните средства искажана во сметководството со фактичката состојба на истите. Причина повеќе за изразување на вакво сомневање е фактот што во текот на 2006 година на работното место благајник е назначено ново лице, а до денот на завршување на ревизијата не е извршено примопредавање на благајната.

11.1.2. Во Бирото за развој на образованието пресметувањето на обврската за данокот на додадена вредност се врши при издавањето на фактурата, но плаќањето на обврската се врши по наплатата на фактурата. Плаќањето на обврската за данокот на додадена вредност по добиеното плаќање, што е спротивно на Законот за додадена вредност има за ефект неуплатени средства во буџетот на РМ во висина од 736 илјади денари заклучно со 31.12.2005 година.

**Препораки и мерки**

1. Годишниот попис на средствата во согласност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници покрај пописот на опрема треба да ги опфака и паричните средства на жиро сметките и благајната побарувањата и обврските.
2. .Бирото за развој на образованието да отпочне со плаќање на обврската за данокот на додадена вредност при издавањето на фактурите наместо при нивната наплата , во согласност со Законот за додадена вредност.

## 11.2. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.2.1. Ревизијата утврди ненаменско, нерационално и нееекономично трошење на средствата од ставката Договорни услуги во вкупен износ од 3.947 илјади денари што е спротивно на Законот за извршување на буџетот поради следните причини:

- исплата на надоместоци линеарно на сите вработени лица во Бирото во два наврата во вкупен износ од 2.022 илјада денари по договори за дело склучени во мај 2005 година во кој што рокот за извршување на задачата е 31.12.2004 година. Освен тоа во описот на задачите наведени се проекти кои што се содржани во Годишната програма за работа на Бирото за 2004 година што упатува на редовни работни обврски
- исплата на надоместоци на вработени лица во вкупен износ од 1.925 илјади денари по основи кои што во согласност со актот за систематизација спаѓаат во редовни работни обврски како: изготвување на стручни материјали и стручни консултации, изготвување на стручни трудови за семинари, изработка на предлог закон за Бирото за развој на образованието, подготовка на материјали за избор на најповолен понудувач, копирање, лекторирање, компјутерска обработка, превод и сл.

11.2.2. При ревизијата на јавните набавки утврдено е дека Бирото за развој на образованието во 2005 година не ги испочитувало до крај одредбите од Законот за јавни набавки или не спровело постапка за јавна набавка во следните случаи:

11.2.2.1. На ден 30.12.2005 година Бирото за развој на образованието склучило договор за изведување на занатски работи односно изработка на канцелариски намештај во вкупен износ од 1.100 илјади денари според кој е утврдено плаќањето да се изврши во рок од 30 дена по приемот на фактурата, при што изведувачот се обврзал со работата да заврши во рок од 20 дена од склучувањето на договорот. Врз основа на доставена фактура на ден 30.12.2005 година извршено е плакањето спрема добавувачот во износ од 608 илјади денари или 55 % аванс од договорениот износ што е спротивно на Законот за јавни набавки и упатува на нерационално користење на средства.

11.2.2.2. Реализирани набавки без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката и решение за избор на најповолен понудувач итоа :

- Избор на комисионерите ДПТ „6 Мај„ и АД „Просветно дело„ за продажба на педагошката евиденција кој што за извршената услуга задржуваат одреден процент од остварениот промет од продажба.
- Набавка на канцелариски материјал во износ од 50 илјади денари
- Сервисирање на возила за што се исплатени вкупно 161 илјада денари.

Не постапувањето во согласност со Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки наведени во точката 11.2.2 предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по

повисоки цени, необезбедување на јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Бирото за развој на образованието да превземе мерки да се напушти праксата на исплата на вработени лица по договор за дело за работи и задачи што спаѓаат во нивни редовни работни обврски, а за кои што примаат плата од буџетот на РМ. За зголемениот обем на работа што подразбира ангажирање на работникот после редовното работно време да се воведе евиденција на одработените часови како и да се утвдат постапките за одобрување на прекувременото ангажирање на работникот од страна на непосредниот раководен работник и Директорот.
2. Сите потреби за набавки во Бирото за развој на образованието да се реализираат преку Комисијата за јавни набавки и со спроведување на соодветни постапки пропишани во Законот за јавни набавки.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 11.1.2. е потценување на расходите за износ од 736 илјади и преценување на вишокот на приходи за пренос во наредната година во Билансот на состојба и во точката 11.2 ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 4.158 илјади денари.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.1.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Бирото за развој на образованието на ден 31.Декември.2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. кај Бирото за развој на образованието не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година..

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна субјектот во текот на ревизијата

    15.1 За отстранување на утврдените неправилности произлезени од неприменување на основното сметководствено начело на парично искажување и несоодветно евидентиран аванс на сметката Добавувачи извршено е намалување на активата и пасивата во Билансот на состојба за износ од 40 илјади денари со налог за книжење број 181 од 31.08.2006 година.

**Скопје, 20.10.2006 година**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 12.979 | 12.557 |
| **Вкупно приходи** | **12.979** | **12.557** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 11.497 | 11.982 |
| **Вкупно тековни расходи** | **11.497** | **11.982** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 686 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **686** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **12.183** | **11.982** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **796** | **575** |

## БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 796 | 400 |
| Побарувања | 4.652 | 6.006 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 40 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 207 | 205 |
| Активни временски разграничувања | 2.886 | 1.917 |
| **Вкупно тековни средства** | **8.581** | **8.528** |
| **Вкупна актива** | **8.581** | **8.528** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.895 | 792 |
| Обврски спрема државата и други институции | 991 | 1.085 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 11 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.695 | 6.640 |
| **Вкупно тековни обврски** | **8.581** | **8.528** |
| **Вкупна пасива** | **8.581** | **8.528** |